АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ во совет составен од судиите Елизабета Дуковска претседател на советот, Роза Георгиева и Јетмире Ајдини Бошњаку, членови на советот, во правната работа на тужителот ОПШТИНА ЦЕНТАР С. против тужениот Друштво за трговија, производство и услуги АНГО ДООЕЛ увоз-извоз С. за раскинување на договор, вредност на спорот 40.000,00 денари, постапувајќи по жалбата на тужениот, поднесена преку полномошник Панче Тошковски адвокат од С. против решението на Основен граѓански суд Скопје ТС1-218/21 од 28.02.2022 година година, на нејавната седница на советот одржана на 23.09.2022 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЖАЛБАТА на тужениот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

РЕШЕНИЕТО на Основен граѓански суд Скопје ТС1-218/21 од 28.02.2022 година, СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот граѓански суд Скопје со обжаленото решение ја прекинал постапката по тужбата на тужителот ОПШТИНА Ц. С. против тужениот Друштво за трговија, производство и услуги АНГО ДООЕЛ увоз-извоз С. за раскинување на договор, вредност на спорот 40.000,00 денари се до правосилно завршување на управната постапка во однос Одобрението за градење УП1 бр........ од 26.08.2014 година од Градоначалникот на Општина Ц..

Незадоволен од ваквото решение на судот останал тужениот кој преку полномошник Панче Тошковски адвокат од С. поднел навремена жалба, со која го обжалува наведеното решение, поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог, жалбата да се уважи, обжаленото решение да се укине и предметот врати пред првостепениот суд на понатамошно судење.

Одговор на жалбата не е поднесен.

Апелациониот суд Скопје по разгледување и оценка на жалбата, обжаленото решение и сите списи во предметот, најде:

Жалбата е неоснована.

Постапувајќи по службена должност согласно чл.354 став 1 од ЗПП, а в.в со член 371 од истиот закон, овој суд во рамките на жалбените наводи го испитуваше обжаленото решение во смисла на тоа дали се сторени суштествени

повреди на одредбите на парничната постапка од чл.343 ст.2 од истиот закон, па утврди дека првостепениот суд при донесувањето на решението не сторил ниту една од наведените суштествени повреди на одредбите на парничната постапка на кои с еукажува во жалбата и дека истото е јасно и разбирливо.

Во жалбата тужениот укажува на сторена суштествена повреда од чл.343 став 1 со образложение дека судот неправилно ја применил одредбата од чл.201 став 1 од ЗПП в.в со чл.11 од ЗПП како и дека во случајот без разлика дали одобрението за градење ќе биде поништено или ќе остане во сила одлуката од управната постапка не е претходно прашање во конкретниот правен спор за кое решавање судот ќе треба да ја причека одлуката од надлежниот орган, туку напротив ќе претставува мериторна одлука во управна постапка која за тужителот во конкретниот правен спор ќе претставува пресудена работа, а дека тужбеното барање на тужителот во предметната постапка е раскинување на договор поради неисполнување на договорни обврски, а тужениот во целост постапил согласно одредбите од чл.66 од Законот за градење односно истиот во законски утврдениот рок од 2 години од правосилноста на одобрението за градба отпочнал со градежни активности, со што не се исполнети условите з апоништување на одлуката за одобрение на градба како и дека од тие причини прекинот на постапката е нецелисходен имајќи ги во предвид огромните штети кои што жалителот ги трпи затоа што не може да ја реализира својата сопственост согласно условите и во рамките на предвидениот временски период, дефинирани во договорот за оттуѓување на градежно земјиште сопственост на РСМ.

Ваквиот жалбен навод на тужениот е неоснован, бидејќи во конкретната правна работа од предложените докази правилно првостепениот суд утврдил дека во конкретниот случај се исполнети законските услови од чл.201 став 1 т.1 од ЗПП да се определи прекин на постапката застанувајќи на стојалиште дека решавањето на конкретниот предмет е во директна зависност од одлучувањето во управната постапка во однос на одобрението за градење УП 1 бр............ од 26.08.2014 година од Градоначалникот на Општина Ц..Според оценка на овој суд правилно првостепениот суд поради целисходност и економичност на постапката застанал на стојалиште да го сочека исходот на постапката во однос одобрението за градење УП1 бр........... од 26.08.2014 година од Градоначалникот на Општина Ц. како претходно прашање и донел решение за прекин се до правосилно завршување на управната постапка, а согласно чл.203 став 4 од ЗПП, постапката ќе продолжи кога правосилно и конечно ќе заврши постапката пред управните органи и управните судови во однос Одобрението за градење УП1 бр........... од 26.08.2014 година од Градоначалникот на Општина Ц., а на предлог на странките.

Имено претходно прашање е прашањето за тоа дали постои некое право или правен однос од чие решение зависи и одлуката на судот во конкретната парница и кое согласно чл.11 од ЗПП овластен е да го реши парничниот суд, но само со правно дејство во парницата во кое е решено тоа прашање. Во таков случај ако судот реши сам да не решава за претходното прашање услов е

постапката за решавање на тоа прашање да е веќе поведена пред надлежниот суд, како во конкретниот случај. Од друга страна решавањето на посочениот предмет претставува претходно прашање кое ќе влијае на решавањето на конкретното тужбено барање за која постапката во конкретниот случај се прекинува, поради што правилно постапил првостепениот суд кога одлучил како во изреката на обжаленото решение.

Предмет на оценка од страна на овој суд беа и останатите жалбените наводи н меѓутоа за истите овој суд најде дека се неосновани и без влијание за поинакво одлучување од аспект на законитоста на донесената одлука по предметот.

Поради сето горе изложено следуваше жалбата да се одбие како неоснована, а првостепеното решение да се потврди врз основа на чл.370 т.2 од ЗПП.

Апелационен суд Скопје «ТСЖ-760/22» од «23.09.2022» година.

Претседател на совет-судија
Елизабета Дуковска с.р.